**Известување за концентрација со која Фокстрот Мидко ЛП, САД ќе стекне контрола над деловниот потфат за состојки за храна на Интернешенл Флејворс & Фрегрејнсес Инк. САД**

**(предмет бр. 08-115/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 20.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Фокстрот Мидко ЛП** (Foxtrot Midco LP), со регистрирано седиште на адреса 4001 Кеннетт Пајк, Суит 302, Вилмингтон, Делавер, Соединетите Американски Држави, *има намера да стекне контрола* над деловниот потфат за состојки за храна на Интернешенл Флејворс & Фрегрејнсес Инк. (International Flavors & Fragrances Inc.), корпорација основана согласно законите на државата Њујорк, со главно извршно седиште на 521 Вест 57ма улица, Њујорк Сити, 10019, со идентификациски број на друштвото 29389

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Фокстрот Мидко ЛП** е новоосновано инвестициско наменско друштво во индиректна сопственост и финансирано од ЦВЦ фондовите (како што се дефинирани подолу).

ЦВЦ плц е јавно друштво со ограничена одговорност чии акции се котирани и прифатени за тргување на Еуронекст Амстердам Берзата (Euronext Amsterdam Stock Exchange). ЦВЦ плц е основано во Џерси.

Што се однесува на активностите со приватен капитал на ЦВЦ Мрежата, ЦВЦ плц, индиректно преку одредени свои зависни друштва, обезбедува инвестициски совети и/или управува со инвестиции во име и за сметка на одредени фондови и инвестициски друштва (“ЦВЦ фондови”). ЦВЦ фондовите имаат учество во повеќе друштва активни во различни индустрии во светот, вклучувајќи финансиски услуги, хемикалии, комунални дејности, производство, малопродажба и достава, во Европа, САД и во регионот на Азија-Пацифик.

ЦВЦ мрежата на контролирани портфолио друштва остварува промет во Република Северна Македонија главно преку продажба на производи и услуги наменети за потрошувачи и деловни субјекти, во сектори како што се технологијата, здравството, храната и пијалаците, како и индустриските услуги.

**Целниот бизнис** развива, произведува и продава решенија за состојки за индустријата за храна и пијалаци со седиште во Њујорк. Целниот бизнис е присутен на глобално ниво преку седум линии на производство: (i) Системи за производство, (ii) Протеински решенија, (iii) Емулгатори, (iv) Адитиви за текстура (v) Додатоци за храна (vi) Засладувачи, влакна и биополимери, (vii) Заштита на храна, и одржува производствени капацитети на глобално ниво. Целниот бизнис остварува приход во Северна Македонија преку продажба на пет

категории на производи: Емулгатори, Протеински решенија, Засладувачи, Системи за производство и Адитиви за текстура.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантниот пазар на производи да се дефинира пазар Сепак, со намера за доставување на комплетни информации и имајќи ги предвид деловните активности на Целниот бизнис во Северна Македонија, Подносителот смета дека релевантниот пазар за решенија за состојки за индустријата за храна и пијалаци, а географскиот пазар како територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.07.2026 година
Скопје